Врз основа на член 73 став (1) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/25 и 135/25), член 109 став (13) од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/15) и член 20 од Правилата за постапување по приговори и разрешување на спорови („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 233/25), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 16 јули 2026 година донесе

# Р Е Ш Е Н И Е
## за уважување на приговор

1. Приговорот на АМОР-ВЕЛ КОМПАНИ ДООЕЛ Куманово УП2 09-244/26 од 27 мај 2026 година против Решение за согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје NCC_16_20250727_614 од 15.05.2026 година СЕ УВАЖУВА.

2. Решението за согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје NCC_16_20250727_614 од 15.05.2026 година СЕ ПОНИШТУВА.

3. СЕ ЗАДОЛЖУВА Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје да издаде Решение за согласност за приклучување на две броила од трафостаницата која е сопственост на Моме Велковски од Куманово.

4. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува на веб-страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

### О б р а з л о ж е н и е

АМОР-ВЕЛ КОМПАНИ ДООЕЛ Куманово до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) поднесе Приговор УП2 09-244/26 од 27 мај 2026 година против Решение за согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје (во понатамошниот текст: Електродистрибуција) бр. NCC_16_20250727_614 од 15.05.2026 година, против техничкото решение.

Ова е трето поднесување на приговор за истиот објект, при што за претходниот приговор е издадено Решение за уважување на приговорот УП2 бр. 09-195/26 од 27.04.2026 година со задолжение за Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје да издаде Решение за согласност за приклучување на две броила од трафостаницата која е сопственост на Моме Велковски од Куманово

Предметниот Приговор е поднесен против Решение кое е идентично како претходно донесеното.

Според Електродистрибуција – планирано е корисникот да се приклучи од постоечка дистрибутивна мрежа на Електродистрибуција.

Од ТС Викендици Шипе (160504), 50kVA, извод 2 изведен е со проводник XOO/O-A 3x35+71,5mm2 до приклучната точка. Од сумарни мерења утврдено е дека постоечкиот ЕТР кој е со моќност од 50kVA е преоптоварен (Pmax=125%).

Поради преоптоварување предвидена е замена на постоечки ЕТР (50kVA) со нов ЕТР (100kVA). Предвидена е и замена на врски од ЕТР до НН ормар со нови проводници 4xNYY- 1x150 mm2.

Двете нови трифазни броила ќе бидат сместени во ново МРО-4 веш. мат на бетонски затезен столб. Во овој ормар ќе биде дислоцирано и постоечкото броило.

На седница на Комисијата за постапување по Приговори од 7 јули 2026 година се разгледуваше следната документација:

1. Приговор УП2 09-244/26 од 27 мај 2026 година со прилог:

- Приговараното Решение

2. Одговор на приговор и дополнителни докази од ЕВН од 30 јуни 2026 година со прилог:

- Спецификации на трошоци
- Слика од барањето за согласност за приклучување
- Анекс-пресметка
- GIS скица

3. Доставена документација од Приговор УП2 бр. 09-1146/25 од 19 декември 2025 година со прилог:

- Изјава од подносителот на приговорот за согласност за сопственикот на предметните КП Моме Велковски од Куманово да на истите изгради објекти спрема дозволи кои ќе се обезбедат и Решение на МЗШВ УП1 41-105/2020 од 10.12.2025, ОДУ 329/21 од 29.06.2021 година од Нотар Митевска Јорданка од Куманово.
- Тековна состојба за Друштвото
- Извод од катастарски план за КП 6497, КО Младо Нагоричане
- Еднополна шема, постоечка и новопредвидена состојба
- Одобрение за градење на Објект за промоција на земјоделски производи и помошни објекти од втора категорија на КП 6497 и 6498, КО Младо Нагоричане, бр. УП1 15-325 од 03.08.2021 година со правосилност од 20.08.2021 година издадено од Општина Старо Нагоричане
- Имотен лист 6830 за објект на КП бр. 6497 и 6498, КО Младо Нагоричане од 05.02.2021
- Договор за закуп на недвишности склучен помеѓу подносителот на приговорот и Моме Велковски од 05.10.2020 година
- Имотен лист бр. 4093 за КП бр. 6495, КО Младо Нагоричане издаден од АКН на 26.02.2026г
- Решение бр. 02020 за електроенергетска согласност од 11.06.2002 година
- Решение за согласност за градење на Објект за промоција на земјоделски производи и помошни објекти на КП бр. 6497 и 6498, КО Младо Нагоричане, УП1 бр. 41-105/2020 од 10.12.2020 издадено од МЗШВ
- Имотен лист бр. 6830 за објект на КП бр. 6498 и со прибелешка дека на КП бр. 6497 е во тек изведување на градба согласно Одобрение за градење УП1 15-325 од 03.08.2021 година од 05.02.2021, КО Младо Нагоричане издаден од АКН на 26.02.2026 година
- Извештај за моментална потрошувачка во реално време и едновремена моќност според кој највисока измерена вредност е 95,88 kW.

Регулаторната комисија за енергетика при разгледувањето на Приговорот утврди дека истиот е основан.

Имено, видно од доставената документација во овој Приговор како и од доставената документација во претходниот Приговор УП2 бр. 09-1146/25 од 19.12.2025 година е дека постои расположлив капацитет во постоечката трафостаница сопственост на Моме Велковски од Куманово за реализација на барањето на подносителот на приговорот.

Во однос на сопственоста, на трафостаницата од која се бара приклучување сопственик е Моме Велковски од Куманово, кој е воедно и сопственик и управител на сега подносителот на приговорот АМОР-ВЕЛ КОМПАНИ ДООЕЛ Куманово.

За недвижностите за кои се бараат броилата постои правосилно Одобрение за градење како и соодветен Договор за закуп склучен помеѓу АМОР-ВЕЛ КОМПАНИ ДООЕЛ Куманово и Моме Велковски од Куманово.

Согласно член 162 став (2) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/25 и 135/25) операторот на електродистрибутивниот систем е одговорен за одржување, надградување и проширување на електродистрибутивната мрежа како и за функционирање на електродистрибутивниот систем и е должен да обезбеди негово поврзување со електропреносниот систем.

Согласно член 164 став (1) точки 3), 4) и 5), операторот на електродистрибутивниот систем, во согласност со овој закон и прописите и правилата донесени врз основа на овој закон, е должен да го развива, надградува и одржува електродистрибутивниот систем со кој управува под економски оправдани услови со посебно внимание на безбедноста, доверливоста, ефикасноста и заштитата на животната средина, како и да обезбеди сигурна, безбедна и квалитетна дистрибуција и испорака на електрична енергија преку електродистрибутивниот систем со кој управува, на недискриминаторен и транспарентен начин и во согласност со пропишаниот квалитет. Исто така операторот на електродистрибутивниот систем е должен да ги приклучи производителите, складиштата и потрошувачите на електродистрибутивниот систем со кој управува во економско-технички оптимални точки, како и да овозможи пристап на трета страна за користење на електродистрибутивниот систем.

Имајќи го предвид горенаведеното, се утврди се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поведе управен спор во рок од 30 дена од денот на приемот на истото.

**УП2 бр. 09–244/26**
**16 јули 2026 година**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на на Република Северна Македонија**

**Ацо Ристов**